Врз основа на член 41 од Статутот на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, Одборот на директори на својата 15-та седница одржана на ден 23.12.2025 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за толкување на одредби од Правилата за котација**

***1.*** Со овој Заклучок се врши толкување на членот 34, алинеја 7 од Правилата за котација на Македонска берза АД Скопје, кој се однесува на обврската на издавачите за објавување на информации за купување и продавање на акции на друштвото од страна на членови на Управниот или Надзорниот Одбор односно членови на Одборот на директори и кој гласи:

***Објавувања во врска со капиталот***
*Член 34*
*Издавачот чии хартии од вредност котираат на Официјалниот пазар на берзата е должен, без одлагање, да ги објави следните информации во врска со својот капитал:*
*- купување и продавање на акции на друштвото од страна на членови на Управниот или Надзорниот Одбор односно членови на Одборот на директори во следниве случаи:*
*а) купување или продавање на акции во вредност од 10.000 EUR или повеќе во текот на еден ден на тргување;*
*б) кумулативна вредност на сите купувања (или продавања) на акции во вредност од 10.000 EUR или повеќе во период од 30 календарски дена и*
*в) секое купување или продавање на акции во вредност од 0,5% од вкупниот број на акции со право на глас во друштвото.*

2. Толкувањето на членот 34, алинеја 7 од Правилата за котација се прави со цел прецизирање на податоците кои издавачот е должен да ги објави при објавување на информации за купување и продавање на акции на друштвото од страна на членови на Управниот или Надзорниот Одбор односно членови на Одборот на директори, во следнава насока:

- издавачот е должен да го објави датумот на купување/продавање на акциите, број на акции што се купени/продадени и процентот на вкупниот број на акции кои членот на Управниот или Надзорниот Одбор односно членот на Одборот на директори ги поседува после последното купување/продажба во вкупниот број на акции на издавачот;
- издавачот е должен објавувањето да го направи преку пополнување на образец подготвен од страна на Берзата, во прилог на овој Заклучок; и
- за целите на толкувањето на член 34, алинеја 7 од Правилата за котација под „датум на купување/продавање„ се подразбира датумот на кој е порамената купопродажната трансакција во овластен депозитар (датум на порамнување на трансакцијата).

3. Овој Заклучок се доставува до Комисијата за хартии од вредност и архивата на Берзата и диспозитивот на истиот се објавува на интернет страницата на Берзата.

4. За донесувањето и почетокот на примена на овој заклучок Секторот за деловни операции ги известува и им дава насоки на издавачите чии хартии од вредност котираат на Официјалниот пазар на Берзата.

5. Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесувањето, а започнува да се применува од 01.01.2026 година**.**

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Тони Стојановски**

**Прилог 1**

**Образец за објавување купување и продавање на акции на друштвото од страна на членови на Управниот или Надзорниот Одбор односно членови на Одборот на директори**

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Функција | |
| Датум на порамнување на трансакцијата | |
| Купување или продавање на акции | |
| Број на купени/продадени акции | |
| % на вкупниот број на акции кои членот на органот на друштвото ги поседува со последното купување/продажба во вкупниот број на акции издадени од друштвото | |